**2017014165**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 128 став 1 алинеја 1 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16 и 120/16), министерот за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ПОЛИЦИСКИТЕ РАБОТИ

Член 1

Во Правилникот за начинот на вршење на полициските работи („Службен весник на Република Македонија бр. 149/07, 110/11 и 117/14) во член 116 во ставот 2 зборовите: „началникот на Централните полициски служби“ се заменуваат со зборовите: „раководителот на непосредно повисоката надлежна организациска единица во Бирото за јавна безбедност“.

Член 2

Во член 120 ставот 1 се менува и гласи:

„Одредени вештачења се вршат во соодветни лаборатории во надлежната организациона единица за криминалистичко-технички испитувања и вештачења во Бирото за јавна безбедност.“.

Член 3

Во член 205 во ставот 3 зборовите: „Централните полициски служби“ се заменуваат со зборовите: „надлежната организациска единица во Бирото за јавна безбедност“.

Член 4

Во целиот текст на Правилникот зборовите: „организациони“ односно „организационите“ се заменуваат со зборовите: „организациски“ односно „организациските“.

Член 5

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13.1.1-6708/1
2 февруари 2017 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
д-р **Агим Нухиу**, с.р.